1. Од должноста членови на Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување - Скопје, се разрешуваат:
- Јадранка Мршиќ,
- Киро Зрмановски.

2. За членови на Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување - Скопје, се именуваат:

за време од три години
- Кире Наумов, помлад асистент на Економскиот факултет - Скопје,

за време од пет години
- м-р Доне Николовски, виши соработник во Генералната дирекција на Управата за јавни приходи - Скопје.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-6492/3
23 декември 2002 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**52.**

Врз основа на член 14 став 1 од Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радиодифузија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 6/98 и 98/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23 декември 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИОДИФУЗИЈА - СКОПЈЕ**

1. Љубиша Ѓорѓевски се разрешува од должноста директор на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија - Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-6633/1
23 декември 2002 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**53.**

Врз основа на член 14 став 1 од Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радиодифузија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 6/98 и 98/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23 декември 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИОДИФУЗИЈА - СКОПЈЕ**

1. За директор на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија - Скопје се именува Љупчо Манчевски, дипл. елек. инж., главен инженер за развој и инвестиции во ова јавно претпријатие.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-6500/3
23 декември 2002 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**54.**

Врз основа на член 17 став 2 од Законот за основање на Македонска банка за поддршка на развојот ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/98 и 6/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23 декември 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ДРЖАВНИОТ КАПИТАЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИТЕ НА МАКЕДОНСКАТА БАНКА ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ А.Д. - СКОПЈЕ**

1. Од должноста претставници на државниот капитал на Република Македонија во Собранието на акционерите на Македонската банка за поддршка на развојот А.Д. - Скопје се разрешуваат:
- Тони Симитриовски,
- Мерџан Ајвази,
- Владимир Симеонов,
- Јонче Лековски,
- Горан Трајковски,
- Џелил Тахири,
- Марија Костовска,
- Оливера Цветановска,
- Лазар Цветковски.

2. За претставници на државниот капитал на Република Македонија во Собранието на акционерите на Македонската банка за поддршка на развојот А.Д. - Скопје се именуваат:
- Горан Анчевски, раководител на Сектор за меѓународни финансии во Министерството за финансии,
- Сами Бислими, советник во Секторот за индустриска сопственост во Министерството за економија,
- Мирјана Павловска, директор на Секторот за управување со ризици и планирање во Комерцијална банка А.Д. - Скопје,
- Ѓорѓи Петрушев, државен секретар во Министерството за економија,
- Владимир Симеонов, државен советник во Министерството за надворешни работи,
- Ленче Тагасовска, помошник раководител на Секторот за финансиски систем во Министерството за финансии,
- Џељиљ Тахири, дипл. економист во Царинска управа,
- Саша Шиндиловски, раководител на Сектор во Министерството за економија.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-6522/3
23 декември 2002 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**55.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96 и 6/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23 декември 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН И ДЕЛОВЕН ПРОСТОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ ОД РЕДОТ НА ВРАБОТЕНИТЕ**

1. За членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија - Скопје од редот на вработените се именуваат:
- Златко Блажевски - Дирекција,
- Елена Димитрова - Дирекција,
- Сања Михаиловска - Дирекција,
- Миле Сиљаноски, претседател на основната организација на Синдикатот на јавното претпријатие.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-6525/2
23 декември 2002 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**56.**

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000 и 44/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23 декември 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА АФИРМИРАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КУЛТУРАТА НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. За директор на Управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во Република Македонија, орган во состав на Министерството за култура, се именува Енгин Мусли, професор по турски јазик и литература.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-6629/1
23 декември 2002 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

---

**57.**

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000 и 44/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23 декември 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА РАЗВОЈ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОБРАЗОВАНИЕТО НА ЈАЗИЦИТЕ НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ**

1. За директор на Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, орган во состав на Министерството за образование и наука, се именува Драган Недељковиќ, дипломиран инженер агроном.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-6630/1
23 декември 2002 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

---

**58.**

Врз основа на член 23 став 1 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96 и 6/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23 декември 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА ЈП ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ - СКОПЈЕ**

1. М-р Сашо Манасов се разрешува од должноста заменик на директорот на Јавното претпријатие за просторни и урбанистички планови - Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-6635/1
23 декември 2002 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

---

**59.**

Врз основа на член 23 став 1 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96 и 6/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23 декември 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА ЈП ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ - СКОПЈЕ**

1. За заменик на директорот на Јавното претпријатие за просторни и урбанистички планови - Скопје се именува Братислав Митиќ, дипл. инж. архитект.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-6636/1
23 декември 2002 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

---

**60.**

Врз основа на член 14 од Законот за Фондот за земјоделство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 11/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23 декември 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА ФОНДОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО - СКОПЈЕ**

1. Иса Зеќири се разрешува од должноста заменик на директорот на Фондот за земјоделство - Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-6637/1
23 декември 2002 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

---

**61.**

Врз основа на член 14 од Законот за Фондот за земјоделство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 11/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23 декември 2002 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА ФОНДОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО - СКОПЈЕ**

1. За заменик на директорот на Фондот за земјоделство - Скопје се именува Фирус Мемед, дипл. земјоделски инженер.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-6638/1
23 декември 2002 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

---

**62.**

Врз основа на член 64 став 1 точка 22 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Сл. весник на РМ" бр. 3/2002), член 85 став 1 точка 19 и член 92 став 1 од Законот за банките („Сл. весник на РМ" бр. 63/2000 и 37/2002), Одлуката за начинот на вршење супервизорски надзор на банките и постапката за преземање мерки за отстранување на утврдените неправилности („Сл. весник на РМ" бр. 111/2000), на предлог на гувернерот на Народната банка на Република Македонија, Советот на Народна банка на Република Македонија на 08.01.2003 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕН УПРАВНИК ВО ЕКСПОРТ-ИМПОРТ БАНКА АД СКОПЈЕ**

1. Со оваа одлука во Експорт-Импорт Банка АД Скопје, се именува привремен управник.

2. За привремен управник се именува лицето Игор Давков на период од шест месеци од денот на приемот на оваа одлука.

3. Со денот на донесување на оваа одлука се суспендираат правата на органите на управување на Банката.

4. Привремениот управник од точка 2 од диспозитивот на оваа одлука не може да ги пренесе своите права и одговорности на друго лице.

5. Привремениот управник должен е да постапува согласно член 94 и 95 од Законот за банките.

6. Оваа одлука се објавува во „Службен весник на РМ" и најмалку во еден од дневните весници и важи од денот на нејзиното донесување.

7. Оваа одлука се доставува до надлежниот суд заради упис во трговскиот регистар.

О.бр. 02-15/1-2003
8 јануари 2003 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
**Љубе Трпески**, с.р.

**63.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92), на седницата одржана на 25 декември 2002 година, донесе

**О Д Л У К А**

1. Се укинуваат:

а) Член 6 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Миравци за 2002 година, донесена од Советот на општината на 30 декември 2001 година;

б) Член 6 од Одлуката за извршување на Буџетот на Фондот за уредување на градежното земјиште, локални патишта и улици на општина Миравци за 2002 година, донесена од Советот на општината на 30 декември 2001 година.

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија по повод поднесена иницијатива на Сунчица Петковска градоначалник на општина Миравци со Решение У. бр. 71/2002 од 20 ноември 2002 година поведе постапка за оценување законитоста на актот означен во точката 1 од оваа одлука.

Постапката беше поведена затоа што основано се постави прашањето за согласноста на член 6 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Миравци и член 6 од Одлуката за извршување на Буџетот на Фондот за утврдување на градежно земјиште, локални патишта и улици на општина Миравци со Законот за локална самоуправа.

4. Судот на седницата утврди дека во член 6 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Миравци е предвидено дека "Средствата предвидени во ставката 426 потставка 426716 - други стручни услуги ќе ги извршува градоначалникот на општината по претходно добиена согласност од Совет на општина".

Понатаму судот утврди дека во член 6 од Одлуката за извршување на Буџетот на Фондот за утврдување градежно земјиште, локални патишта и улици на општина Миравци е предвидено дека "Средствата во ставот 4267 потставка 426716 други стручни услуги ќе ги извршува градоначалникот на општина по претходно добиена согласност од совет на општина".

5. Според член 50 став 1 точка 8 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) градоначалникот го извршува буџетот на општината.

Според член 4е од Законот за буџетите, буџетот на единицата на локалната самоуправа ги содржи средствата на советот, градоначалникот и управните и административните органи, како и буџетот на Фондот за комунални работи, улично осветлување и градска рента Фондот за патишта, Фондот за јавни зелени површини, Фондот за пошумување.

Од наведените одредби произлегува дека градоначалникот на единицата на локалната самоуправа го извршува буџетот на единицата на локалната самоуправа во кој влегуваат средствата на фондот за уредување на градежно земјиште и фондот за локални патишта согласно Законот за буџетите, кои фондови согласно законот како јавни служби ги основа советот.

Со оглед на тоа што во член 6 од Одлуката за извршување на буџет на општина Миравци и член 6 од Одлуката за извршување на буџет на Фондот за уредување на градежното земјиште.... е предвидено за средствата по одделни ставки односно потставки да одлучува градоначалникот по добиена согласност од советот на единицата на локална самоуправа, Судот оцени дека на овој начин се ограничува извршната власт на градоначалникот на општината и одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

6. Со оглед на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот д-р Тодор Џунов и судиите Бахри Исљами, д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Милан Недков, д-р Јован Проевски, Бесим Селими и д-р Јосиф Талевски.

У. бр. 71/2002
25 декември 2002 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија,
д-р **Тодор Џунов**, с.р.

## АКТИ НА ФОНДОВИТЕ И ЗАВОДИТЕ

### ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**1.**

Врз основа на член 163, а во врска со став 7, 8, 9 и 10 на член 180 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Сл. весник на РМ" бр. 80/93, 14/95, 71/96, 32/97, 24/2000 и 5/2001), Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 24.12.2002 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОСНОВИЦИТЕ НА ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ ЗЕМЈОДЕЛЦИ ЗА ПЕРИОДОТ ОКТОМВРИ-ДЕКЕМВРИ 2002 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат основиците на осигурување според кои се пресметува и плаќа придонесот за пензиското и инвалидското осигурување за обврзниците на данок од приход од земјоделска дејност на кои земјоделската дејност им е единствено занимање (во натамошниот текст: индивидуални земјоделци).

Член 2

Индивидуалните земјоделци, заради пресметување и плаќање на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување се распоредуваат во основици на осигурување според висината на катастарскиот приход, и тоа:

| Ред. бр. | Катастарски приход (во денари) | Месечна основица на осигурување |
|---|---|---|
| 1. | до 400,00 | 3.468,00 |
| 2. | од 400,01 до 900,00 | 5.520,50 |
| 3. | од 900,01 до 2.000,00 | 6.301,50 |
| 4. | од 2.000,01 до 4.500,00 | 7.003,00 |
| 5. | од 4.500,01 до 7.000,00 | 7.702,00 |
| 6. | над 7.000,01 | 8.406,00 |

Член 3

Индивидуалните земјоделци можат по сопствен избор да се определат да плаќаат придонес за пензиско и инвалидско осигурување на повисока основица на осигурување.

Индивидуалните земјоделци кои се определиле да плаќаат придонес за пензиско и инвалидско осигурување на повисока основица на осигурување должни се до 31 март во тековната година да поднесат писмено барање до органот за јавни приходи во општината.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 октомври заклучно со декември 2002 година.

Бр. 02-6070/1
24 декември 2002 година
Скопје

Претседател
на Управниот одбор,
**Ленка Балаловска**, с.р.

По извршеното срамнување со изворниот текст, утврдено е дека во текстот на Одлуката за распоредување на стоките на форми на извоз и увоз, објавена во („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2002), направена е техничка грешка, односно испуштени се две страни од Прилог бр. 1 како и третата страна од Прилог бр. 8, не е целосно отпечатена, поради што се дава

## И С П Р А В К А
## НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА СТОКИТЕ НА ФОРМИ НА ИЗВОЗ И УВОЗ

Составен дел на Прилогот бр. 1 се и страна 25-а и 25-б. Во Прилогот бр. 8 на страна 371, после тарифната ознака 8707 10 99 00 - употребувани, следи

Други
Со клипен мотор со внатрешно согорување со палење со помош на свеќички:

Со зафатнина на цилиндер над 2800 см3
8702 90 11 00 - нови
8702 90 19 00 - употребувани

Со зафатнина на цилиндер до 2800 см3
8702 90 31 00 - нови
8702 90 39 00 - употребувани
8702 90 90 00 Со други мотори
9401 61 00 00 Тапацирани седишта со дрвени скелети

Прилог: страна 25-а и 25-б и
страна 371

Бр. 23-6175/2
10 јануари 2003 година
Скопје

Од Владата на Република Македонија

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I - СКОПЈЕ

Пред Основниот суд Скопје I - Скопје, во тек е постапка за развод на брак, по тужба на тужителот Самет Џемаили од Скопје ул. "Јајце" бр. 116а, против тужената Бригите Шулце од Берлин, СР Германија, со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужената Бригите Шулце да се јави во судот во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас и во истиот рок да ја достави својата адреса на живеење.

Доколку тужената или нејзиниот полномошник не се јават во овој рок, постапката ќе продолжи преку посебен старател, Маја Ристовска, адвокат од Скопје, ул. "Питу Гули" бр. 55, која ќе ја застапува тужената се додека таа или нејзиниот полномошник не се јават во судот.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, XIV.П. бр. 2851/2002. (34112)

---

Пред Основниот суд Скопје I - Скопје, поднесена е тужба од тужителката Захарија Циривири од Скопје, ул. "Партизански одреди" бр. 72/20, против тужените Антигона Циривири и Магдалена Циривири, двете од Скопје, ул. "Партизански одреди" бр. 72/20 и против тужениот Ѓорѓи Циривири од Скопје, на работа во Австрија, со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужениот Ѓорѓи Циривири да се јави во Основниот суд Скопје I - Скопје, во рок од 30 дена по објавувањето на огласот или да одреди полномошник кој пред судот ќе ги штити неговите интереси.

Во спротивно, на тужениот ќе му биде одреден времен застапник, кој ќе го застапува пред судот до правосилното окончување на постапката.

Од Основниот суд Скопје I-Скопје, XVIII.П. бр.1436/99. (34163)

ОСНОВЕН СУД ВО ВЕЛЕС

Пред овој суд заведен е парничниот предмет П.бр.592/92, за отказ на договор, по тужба на тужителот Јавно претпријатие "Македонски Железници" Скопје, против тужениот Ќириќ Слободан од Велес, сега со непознато место на живеење и престојување во Канада. Вредност на спорот 1.000,00 денари.

За привремен застапник на тужениот му се одредува Валерија Николова, стручен соработник при овој суд.

Привремениот застапник ги има сите права и должности на законски застапник по споменатиот предмет, се додека тужениот или негов полномошник не се појави пред судот, односно додека органот за старателство не го извести судот дека поставил старател.

Од Основниот суд во Велес, П. бр. 592/92. (34002)

ОСНОВЕН СУД ВО КУМАНОВО

Пред Основниот суд во Куманово, поднесена е тужба за долг во износ од 77.500,00 денари, од тужителот Клифас Константинос од Свети Николе, застапуван преку полномошник адвокат Славе Илиевски, од Куманово, против тужениот Стојановски Сашо, од Куманово, ул. "Прохор Пчински" бр. 11, сега со непозната адреса во Германија, за кој предложи да се постави привремен застапник.

Се повикува тужениот во рок од 15 дена од денот на објавувањето на овој оглас да се јави во судот со свој допис и да достави адреса на која може да биде повикан, или именува свој застапник во оваа постапка.

Доколку во овој рок тужениот не постапи, неговите права ќе ги штити привремениот застапник.

За привремен застапник на тужениот се поставува Чедомир Атанасовиќ, адвокат од Куманово.

Застапникот ги има сите права согласно на член 75 од ЗПП, а овие права ќе ги врши се додека тужениот или негов полномошник не се појави пред судот, односно Центарот за социјални работи не го извести судот за поставување старател.

Од Основниот суд во Куманово, П. бр. 527/2002. (33)

ОСНОВЕН СУД ВО ТЕТОВО

Пред Основниот суд во Тетово, во тек е постапка за докажување на смртта на лицето Незафет Узаири од с. Шипковица, а по предлог на предлагачот Узаири Иџет.

Се повикува лицето Узаири Незафет од татко Исмаил и мајка Еметие од с. Шипковица, да се јави во Основниот суд Тетово или секој друг што знае за неговиот живот во рок од 30 дена по објавувањето на огласот.

Во спротивно, судот на лицето Незафет Узаири ќе му постави времен старател кој ќе се грижи за неговите права и интереси се до окончувањето на постапката.

Од Основниот суд во Тетово, Р. бр. 973/2002. (34183)

---

## ЗАПИШУВАЊЕ ВО ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР

Основниот суд Скопје I - Скопје, со решението Трег. бр. 5453/2002 од 27.12.2002 година, во регистарската влошка бр. 02049396?-8-03-000, го запиша во трговскиот регистар основањето на трговското друштво на Друштвото за производство, услуги и трговија ВАРДАР МОНТ Димитрије ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, ул. "Видое Смилевски Бато" бр. 77/3-28.

Основач: Димитрије Коцалев од Скопје, ул. "АСНОМ" бр. 54/1-23.

Управител: Димитрије Коцалев.

Дејности: 01.11/1, 01.11/3, 01.12, 01.13, 01.21, 01.22, 01.23, 01.24, 01.25, 01.50, 02.01, 02.02, 05.02, 14.11, 14.21, 15.98/2, 20.10/1, 20.10/2, 20.51, 25.24, 26.13/2, 36.62, 40.30, 45.22, 45.25, 45.32, 45.33, 45.34, 45.43, 45.44, 45.45, 51.19, 51.39, 52.11, 52.12, 52.21, 52.27, 52.62, 52.63, 52.72, 52.74, 60.21, 60.22, 60.23, 60.24, 74.70, 74.83, 74.84.

Надворешно трговски дејности: надворешна трговија со прехранбени производи, надворешна трговија со непрехранбени производи, застапување и посредување во прометот на стоки и услуги, реекспорт, малограничен промет, завршни занаетчиски работи, услуги во областа на градежништвото, услуги во областа на занаетчиството.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, Трег. бр. 5453/2002. (1)

---

## ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ

Основниот суд во Прилеп, со своето правосилно решение Рег.Згф.бр.41/2002 од 12.12.2002 година, во судскиот регистар на Здруженијата на граѓани и фондации го запиша преименувањето - промената на името на Здружението на граѓани Клуб за мал фудбал "Паскалин - Гевгелија" - Прилеп во Здружение на граѓани Клуб за мал фудбал "Победа" - Прилеп, скратено КМФ "Победа" - Прилеп, и промената на лицето овластено за застапување и претставување на преименуваното Здружение, така што наместо Пејчо Илиев од Гевгелија, улица "Кочо Рацин" број 7, се запишува претседателот на клубот и воедно претседател на неговиот Извршен одбор Миле Хаџи - Ристески од Прилеп, улица "Републиканска" број 19.

Од Основниот суд во Прилеп, Рег.Згф. бр. 41/2002. (34175)

---

Основниот суд во Гостивар, со решението Рег. бр. 29/2002, во регистарот на Здруженија на граѓани и фондации, се запишува Здружение на млади "Визиони" од с. Топлица - Општина Врапчиште, со седиште во Топлица, а го застапува неговиот претседател Халил Билали.

Работата и активностите на Здружението ќе се однесуваат во развивање на конкретни иницијативи од млади луѓе од овој крај за развој и унапредување на културниот, спортскиот, научниот, економскиот, образовниот живот, а преку организирање на разни манифестации и проекти и воспоставување на соработка меѓу граѓаните.

Од Основниот суд во Гостивар, Зг. бр. 30/2002. (34178)

---

Основниот суд во Гостивар, со решението Рег. бр. 30/2002, во регистарот на Здруженија на граѓани и фондации го запиша Здружението на граѓани - Центар за спорт, едукација и толеранција од Гостивар со седиште на ул. "Ж. Брајкоски" бр. 179 - Гостивар, а го застапува неговиот претседател Ардит Муслиу.

Работата и активностите на Здружението ќе се однесуваат на промовирање на меѓуетничката толеранција и соработка преку спорт, образование на млади со организирање на разни проекти, спортски настани, семинари, работилници, кампањи и др. со учество на припадници на сите етнички групи кои живеат во Република Македонија.

Од Основниот суд во Гостивар, ЗГ. бр. 31/02. (34181)

---

Основниот суд Скопје II - Скопје, со решението II.Рег.зг.бр. 100/99, во регистарот на Здруженија на граѓани и фондации ја запиша промената на името на Кошаркарскиот Сојуз на Македонија - Скопје во Кошаркарска Федерација на Македонија - Скопје.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, II.Рег.зг.бр. 100/99. (33985)

---

## СТЕЧАЈНИ ПОСТАПКИ

Основниот суд Скопје I - Скопје, објавува дека со решение I. Ст. бр. 565/02 од 25.12.2002 година е отворена стечајна постапка над должникот Трговско друштво "МЕДИА" ДООЕЛ увоз-извоз Скопје со седиште на ул. "Шумадиска" бр. 6/1 и жиро сметка 40100-601-4083304 и истата не се спроведува.

Отворената стечајна постапка над должникот Трговско друштво "МЕДИА" ДООЕЛ увоз-извоз Скопје со седиште на ул. "Шумадиска" бр. 6/1 и жиро сметка 40100-601-4083304, се заклучува.

Да се објави оглас во "Службен весник на РМ" и на огласната табла во судот.

По правосилноста на решението должникот да се брише од судскиот регистар кој го води овој суд.

Од Основниот суд Скопје I- Скопје. (34218)

---

Основниот суд Скопје II - Скопје, објавува дека со решение II. Ст. бр. 389/02 од 17.12.2002 година се отвора стечајна постапка над должникот Авто такси "ЗЕЈНА" ТП Шаип Авдил Кадри со седиште на ул. "Овчеполска" бр. 3, со жиро сметка 28000000050797 при Алфа банка АД Скопје и регистарска влошка 02042263?-6-06-000 при регистарот на Основниот суд Скопје I - Скопје, истата не се спроведува.

Отворената стечајна постапка над должникот Авто такси "ЗЕЈНА" ТП Шаип Авдил Кадри од Скопје, се заклучува.

По правосилноста на решението должникот да се брише од регистарот кој го води Основниот суд Скопје I - Скопје.

Жалбата поднесена против решението не го задржува извршувањето на решението.

Од Основниот суд Скопје II- Скопје. (34202)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје, објавува дека со решение на овој суд I. Ст. бр. 569/2002 од 25.12.2002 година е отворена стечајна постапка над должникот Акционерско друштво во мешовита сопственост за угостителство и туризам, трговија на големо и мало и производство на бели пецива со Ц.О. "МЕРКЕЗ" - Скопје, со седиште на ул. "Славеј Планина" бр. 2 со жиро сметка број 40100-601-10040 кај РМ, Агенција за работа со блокирани сметки на учесниците во платниот промет - Скопје и регистарска влошка број 1-18-0-0-0.

За стечаен судија се определува Дејан Костовски судија на овој суд и член на стечајниот совет.

За стечаен управник се определува Радослав Ќипровски од Скопје, бул. "АСНОМ" бр. 8-3/36.

Се повикуваат доверителите во рок од 15 дена да ги пријават своите побарувања кај стечајниот управник.

Се повикуваат доверителите кои имаат разлачни права на подвижни предмети и права на должникот, како и доверителите кои имаат разлачни права на недвижностите на должникот што не се запишани во јавните книги (катастар) во рок од 15 дена да ги пријават своите побарувања кај стечајниот управник.

Се повикуваат должниковите должници своите обврски да ги исполнуваат на стечајниот управник.

Се закажува рочиште на собир на доверители за испитување и утврдување на пријавените побарувања - испитно рочиште за ден 05.02.2003 година во 12 часот во соба број 70 во зградата на Апелациониот суд во Скопје.

Да се објави оглас на огласната табла во судот и во "Службен весник на РМ".

Од Основниот суд Скопје I- Скопје. (34206)

---

Основниот суд во Куманово објавува дека со решение Ст. бр. 71/96 од 02.12.2002 година, е заклучена стечајната постапка над стечајниот должник АД за уредување и регулирање на буици "Крива Река" од Крива Паланка во стечај, со жиро сметка бр. 510-0000200367-20 при КИБ АД Куманово.

По правосилноста на решението стечајниот должник да се брише од регистарот на претпријатијата при Основниот суд Скопје I - Скопје.

Извод од решението да се објави во "Службен весник на РМ" и на огласната табла во судот.

Од Основниот суд во Куманово. (34115)

---

Основниот суд во Битола, со решение Ст. бр. 324/02 од 24.12.2002 година, над ДООЕЛ Стевица Штефек од Битола, ул. "Косто Чолаков" бр. 5, Трег. бр. 01004364?-8-01-000 со дејност превоз-услуга и жиро сметка 40300-601-104521 при Агенција за блокирани сметки Битола, отвори стечајна постапка, не ја спроведе и ја заклучи.

Од Основниот суд во Битола. (34117)

---

Основниот суд во Битола, со решение Ст. бр. 295/02 од 24.12.2002 година, над ДООЕЛ Паскал Комерц Владо увоз-извоз ул. "Никола Тесла" бр. 10, Трег. бр. 0100-7345?-8-01-000 со дејност услужна и жиро сметка 500-0000001808-35 при Стопанска банка Битола, отвори стечајна постапка, не ја спроведе и ја заклучи.

Од Основниот суд во Битола. (34118)

---

Основниот суд во Штип објавува дека со решение Ст. бр. 24/01 од 28.11.2002 година, се отвора стечајна постапка над Друштво за производство, трговија и услуги ГЛОБУС ПРОМ ДООЕЛ Штип, но истата не се спроведува поради тоа што имотот на должникот што влегува во стечајната маса не е доволен за намирување на трошоците по постапката.

Стечајната постапка над Друштво за производство, трговија и услуги ГЛОБУС ПРОМ ДООЕЛ Штип, се запира.

По правосилноста на решението должникот Друштво за производство, трговија и услуги ГЛОБУС ПРОМ ДООЕЛ Штип, да се брише од трговскиот регистар.

Од Основниот суд во Штип. (34119)

Се закажува извештајно рочиште за Собрание на доверители при ЗЗ Санто Ѓоргиев с. Аргулица, на кое врз основа на извештајот на стечајниот управник ќе се одлучува за натамошниот тек на стечајната постапка. Право на учество имаат сите доверители со право на одвоено намирување, стечајниот управник, сите стечајни доверители и должникот.

Извештајно рочиште ќе се одржи на 28.01.2003 година во 10 часот во просториите на Основниот суд во Штип, соба бр. 6.

Од Основниот суд во Штип. (34120)

---

Основниот суд во Штип објавува дека со решение Ст. бр. 40/02 од 23.12.2002 година, се отвора стечајна постапка над Јавно трговско друштво за производство и трговија Тифани Обрен Трифуновски и др. јтд Пробиштип, но истата не се спроведува поради тоа што имотот на должникот што влегува во стечајната маса не е доволен за намирување на трошоците по постапката.

Стечајната постапка над Јавното трговско друштво за производство и трговија Тифани Обрен Трифуновски и др. јтд Пробиштип, се запира.

По правосилноста на решението должникот Јавно трговско друштво за производство и трговија Тифани Обрен Трифуновски и др. јтд Пробиштип да се брише од трговскиот регистар.

Од Основниот суд во Штип. (34121)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје објавува дека со решение II Ст. бр. 602/02 од 25.12.2002 година, е отворена стечајна постапка над должникот Друштво за производство и преработка на обоени метали КУ-ПРОМ ДОО експорт-импорт Скопје, со седиште на ул. "Прилепска" бр. 17 Скопје и жиро сметка бр. 250000000021548 при Инвест банка АД Скопје, со регистарска влошка бр. 02036525?-3-03-000 и истата не се спроведува и се заклучува.

Должникот да се брише од регистарот кој го води овој суд.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (34079)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје објавува дека со решение II Ст. бр. 460/02 донесено на ден 19.12.2002 година, се определуваат следните мерки за обезбедување:

За привремен стечаен управник се определува Ацо Дамчевски од Скопје, со адреса на ул. "Дрезденска" бр. 15-1/9.

Се задолжува привремениот стечаен управник да го заштити и одржува имотот на должникот, да продолжи со водењето на претпријатието на должникот, да испита дали постојат причини за отворање на стечајната постапка и какви се изгледите за продолжување на должниковиот деловен потфат, како и да испита дали од имотот на должникот можат да се намират трошоците на постапката.

Се повикуваат должниците на должникот своите обврски и должниковите солидарни содолжници и гаранти без одлагање да ги исполнат своите обврски кон должникот.

Се задолжува должникот ЈУГОМАГНАТ Скопје да му овозможи на привремениот стечаен управник да влезе во неговите деловни простории за да може да ги спроведе потребните дејствија, како и да му допушти увид во трговските книги и неговата деловна документација.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (34073)

---

Основниот суд Скопје I - Скопје објавува дека со решение II Ст. бр. 466/02 година донесено на ден 19.12.2002 година, се определуваат следните мерки за обезбедување:

За привремен стечаен управник се определува Ацо Дамчевски од Скопје, со адреса на ул. "Дрезденска" бр. 15-1/9.

Се задолжува привремениот стечаен управник да го заштити и одржува имотот на должникот, да продолжи со водењето на претпријатието на должникот, да испита дали постојат причини за отворање на стечајната постапка и какви се изгледите за продолжување на должниковиот деловен потфат, како и да испита дали од имотот на должникот можат да се намират трошоците на постапката.

Се повикуваат должниците на должникот своите обврски и должниковите солидарни содолжници и гаранти без одлагање да ги исполнат своите обврски кон должникот.

Се задолжува должникот МАПЛОТ Скопје да му овозможи на привремениот стечаен управник да влезе во неговите деловни простории за да може да ги спроведе потребните дејствија, како и да му допушти увид во трговските книги и неговата деловна документација.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје. (34074)

---

Основниот суд во Битола, со решение Ст. бр. 34/01 од 27.12.2002 година, над Друштво за трговија, увоз-извоз "Спартак" Весна ДООЕЛ Битола, ул. "Индустриска" бр. 37, Трег. бр. 006262?-8-01-000 со дејност трговија и жиро сметка 40300-601-93214 при Агенција за блокирани сметки Битола, отвори стечајна постапка, не ја спроведе и ја заклучи.

Од Основниот суд во Битола. (181)

---

Основниот суд во Кавадарци, со решение Ст. бр. 114/02 од 25.12.2002 година, отвори стечајна постапка над стечајниот должник ДПТУ "ИСБ-ПРОМЕТ" Слободанка ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци, ул. "27-ми Март" бр. 37, но истата не се спроведува поради немање имот на должникот.

Од Основниот суд во Кавадарци. (182)

---

Основниот суд во Кавадарци, со решение Ст. бр. 116/02 од 24.12.2002 година, објавува дека се отвора стечајна постапка над стечајниот должник ТТУП "Боки" увоз-извоз ЦО Кавадарци, ул. "Методија Цунов-Џико" бр. 10, но истата не се спроведува поради немање имот на должникот.

Од Основниот суд во Кавадарци. (183)

---

Основниот суд во Кавадарци, со решение Ст. бр. 110/02 од 17.12.2002 година, отвори стечајна постапка над стечајниот должник ППТП "Диком" извоз-увоз Неготино, ул. "Пано Калајџиски" бр. 24, но истата не се спроведува поради немање имот на должникот.

Од Основниот суд во Кавадарци. (184)

---

Основниот суд во Кавадарци, со решение Ст. бр. 104/02 од 18.12.2002 година, отвори стечајна постапка над стечајниот должник ПТП "Малинка" експорт-импорт ДОО Кавадарци, ул. "Борис Кидрич" бр. 10-а, но истата не ја спроведува поради немање имот на должникот.

Од Основниот суд во Кавадарци. (185)

---

Основниот суд во Кавадарци, со решение Ст. бр. 100/02 од 18.12.2002 година, отвори стечајна постапка над стечајниот должник ДПТУ "Воденица"експорт-импорт Нада ДООЕЛ, ул. "Радњанска" бб Демир Капија, но истата не ја спроведува поради немање имот на должникот.

Од Основниот суд во Кавадарци. (186)

Основниот суд во Кавадарци, со решение Ст. бр. 66/02 од 18.12.2002 година, ја заклучува отворената стечајна постапка над стечајниот должник ПТП "Маркони-ХТ" ДОО увоз-извоз Кавадарци, ул. "Индустриска Зона" бб.

Од Основниот суд во Кавадарци. (187)

Основниот суд во Битола, со решение Ст. бр. 322/02 од 26.12.2002 година, над ТП трговија на мало Златко Аким Велјановски "Џокер" Трег. бр. 01011317?-6-01-000 и жиро сметка 5000000000-730-68 при Стопанска банка АД Битола, отвори стечајна постапка, не ја спроведе и ја заклучи.

Од Основниот суд во Битола. (188)

---

Основниот суд во Битола, со решение Ст. бр. 334/02 од 26.12.2002 година, над Друштво за трговија и услуги ФСКБ Ружа ДООЕЛ увоз-извоз, ул. "І. Атанасовски" бр. 41/2, Трег. бр. 01006275?-8-01-000 и жиро сметка 500-0000000311-34 при Стопанска банка АД Битола, отвори стечајна постапка, не ја спроведе и ја заклучи.

Од Основниот суд во Битола. (189)

---

Основниот суд во Битола, со решение Ст. бр. 305/02 од 25.12.2002 година, над Претпријатие за производство, трговија и услуги "Ковит" Трег. бр. 1-9405, ул. "Н.Н. Борче" бр. 24, со дејност трговија и жиро сметка 40300-601-67822 при Агенција за блокирани сметки Битола, отвори стечајна постапка, не ја спроведе и ја заклучи.

Од Основниот суд во Битола. (190)

---

Основниот суд во Битола, со решение Ст. бр. 323/02 од 24.12.2002 година, над ТП за вршење на трговија на мало со непрехранбени производи Скендер Чељо Лероски Бени од Ресен, Трег. бр. 01001244?-6-000 со дејност трговија и жиро сметка 200000026997614 при Стопанска банка АД Скопје, отвори стечајна постапка, не ја спроведе и ја заклучи.

Од Основниот суд во Битола. (191)

---

Основниот суд во Битола, со решение Ст. бр. 304/02 од 26.12.2002 година, над ПП за трговија на големо и мало и надворешна трговија "Ел-Пром" од Битола, Трег. бр. 1-860 со дејност трговија и жиро сметка 40300-601-6392 при Агенција за блокирани сметки Битола, отвори стечајна постапка, не ја спроведе и ја заклучи.

Од Основниот суд во Битола. (192)

---

Со решение на стечајниот совет при Основниот суд во Струмица под Ст. бр. 164/02 од 23.12.2002 година, е отворена стечајна постапка над должникот ПЗО-Ординација по општа медицина "Д-р Косев Тони", п.о. од Ново Село, со жиро сметка бр. 200000023099087 што се води при Стопанска банка Филијала Струмица, но е одлучено истата да не се спроведува поради немање имот на должникот заради што и се заклучи.

Доверителите можат со жалба да го напаѓаат горенаведеното решение во рок од 8 дена од денот на објавувањето на решението во "Службен весник на РМ" преку овој суд до Апелациониот суд во Штип.

По правосилноста на решението горенаведеното претпријатие ќе се брише од регистарот на претпријатијата.

Од Основниот суд во Струмица. (193)

---

Со решение на стечајниот совет при Основниот суд во Струмица под Ст. бр. 178/02 од 27.12.2002 година, е отворена стечајна постапка над должникот ПЗО Ординација за општа стоматологија "ГОЛД-ДЕНТ" п.о. од Струмица, со жиро сметка бр. 200-0000251125-16 што се води при Стопанска банка АД Скопје но е одлучено истата да не се спроведува поради немање имот на должникот, заради што и се заклучи.

Доверителите можат со жалба да го напаѓаат горенаведеното решение во рок од 8 дена од денот на објавувањето на решението во "Службен весник на РМ" преку овој суд до Апелациониот суд во Штип.

По правосилноста на решението горенаведеното претпријатие ќе се брише од регистарот на претпријатија.

Од Основниот суд во Струмица. (194)

---

Со решение на стечајниот совет при Основниот суд во Струмица под Ст. бр. 182/02 од 30.12.2002 година, е отворена стечајна постапка над должникот ДТПУ ТК-73 увоз-извоз ДООЕЛ Струмица, со жиро сметка бр. 220421100435356210054188010137, што се води при Македонска банка АД Скопје Филијала Струмица и жиро сметка бр. 260-000567941983 што се води при Радо банка Скопје Филијала Струмица и жиро сметка бр. 280-02-00000258-67 што се води при Алфа банка Скопје но е одлучено истата да не се спроведува поради немање имот на должникот заради што и се заклучи.

Доверителите можат со жалба да го напаѓаат горенаведеното решение во рок од 8 дена од денот на објавувањето на решението во "Службен весник на РМ" преку овој суд до Апелациониот суд во Штип.

По правосилноста на решението горенаведеното претпријатие ќе се брише од регистарот на претпријатија.

Од Основниот суд во Струмица. (195)

---

Основниот суд во Прилеп, со решение Ст. бр. 219/02 од 16.12.2002 година, отвори стечајна постапка према должникот Друштво за производство и трговија на АД Жито Битола-"Жито Крушево" ДОО Крушево, со седиште месност викана "Куличе" бб Крушево, запишан во регистарската влошка бр. 01003976?-3-03-000 на Основен суд Битола со основна дејност производство на леб и печиво во свежа состојба со жиро сметка бр. 290-2-000000368-04 во Тетекс кредитна банка-Битола.

Стечајната постапка према должникот се отвора на ден 16.12.2002 година во 14,00 часот.

За стечаен судија се определува судијата Татијана Сусулеска, судија во Основен суд Прилеп и член на стечајниот совет.

За стечаен управник се определува Љубица Зајкоска-дипломиран економист од Прилеп со стан на ул. "Цане Илиески" бр. 5, со телефон 048-410-989 и 070-208-868.

Се повикуваат доверителите во рок од 15 дена сметано од денот на објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ" да ги пријават своите побарувања на адреса на стечајниот управник и пријавите да ги таксираат со уплатница од 600,00 денари во корист на Републички судски такси-Стопанство-трезорска сметка 100000000053095, уплатна сметка 840-018-03338, приходна шифра 722211-00 депонент на Народна банка на РМ.

Се повикуваат доверителите своите разлачни права на подвижните предмети и правата на должникот како и разлачните права на недвижностите на должникот што не се запишани во јавните книги-катастарот, во рок од 15 дена, сметано од објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ", да ги пријават кај стечајниот управник, а во пријавата да означат на кој предмет постои разлачното право, начинот и основата на засновање на тоа право, како и обезбеденото побарување.

Се повикуваат должниковите должници своите обврски да не ги исполнуваат директно на должникот, туку на стечајниот управник за стечајниот должник.

Отворањето на стечајната постапка да се запише во трговскиот регистар, во јавните книги-катастарот и во регистарот на правата од индустриска сопственост.

Се закажуваат рочишта, собир на доверители за испитување и утврдување на пријавените побарувања-испитно рочиште и рочиште за Собрание на доверители- извештајно рочиште за ден 5.02.2003 година во 12,00 часот во судница бр. 9 при Основен суд Прилеп.

Ова решение да се објави на огласна табла во Основен суд Прилеп и во "Службен весник на РМ".

Од Основниот суд во Прилеп. (196)

Заинтересираните понудувачи можат да добијат подетални информации за тендерските документи на долунаведената адреса и телефони од 11.00-14.00 часот, секој работен ден. Комплетните тендерски документи на англиски јазик заинтересираните понудувачи можат да ги купат по доставување на доказ за уплатени 250,00 EUR на сметка на набавувачот:

| | |
|---|---|
| Name of Beneficiary: | "Elektrostopanstvo na Makedonija" |
| Number of foreign exchange party: | 257300000-10 |
| Name of bank: | Stopanska Banka A.D. - Skopje |
| Postal Address: | International Affairs Department kej "Dimitar Vlahov" br. 4 - Skopje |
| Swift address: | STOB MK 2X |

или во денарска противвредност на следната сметка на набавувачот:

40100-601-5012 “ЕСМ“ - Скопје,

Даночен број: 40 30 98 91 28 346,

Депонент: Стопанска Банка А.Д. Скопје.

На заинтересираните понудувачи кои ќе се јават на контакт телефонот или факс-бројот, ќе им биде испратена Покана за понуда (Invitation for Bid), која што содржи подетални информации за предметот на набавка.

Контакт: "Електростопанство на Македонија"
Служба за телекомуникации
ул. "11 Октомври" бр. 9, 1 000 Скопје,
Република Македонија,
Тел.: +389 2 149 081
Факс: +389 2 163 768.

Понудите треба да бидат доставени лично или по пошта, најдоцна до 24.03.2003 година, до 12.00 часот на адреса:

"Електростопанство на Македонија"
Служба за телекомуникации
ул. "Боце Боцевски", бб. (нова зграда на НДЦ), 1 000 Скопје
Република Македонија.

Понудите ќе бидат отворени во присуство на претставници на понудувачите на 24.03.2003 година во 12.15 часот на следнава адреса:

"Електростопанство на Македонија"
ул. "Боце Боцевски", бб. (нова зграда на НДЦ), 1 000 Скопје
Република Македонија.

Ве известуваме дека на 17.02.2003 година ќе биде организиран заеднички состанок за сите заинтересирани понудувачи.

Комисија за јавни набавки

**Elektrostopanstvo na Makedonija**

**INVITATION FOR BIDS**

**POWER SYSTEM IMPROVEMENT PROJECT**

**Supply and Installation of Transmission and Multiplex Equipment**

The JSC "Elekstrostopanstvo na Makedonija" has received a loan from the International Bank for Reconstruction and Development (IBRD) toward the cost of the Power System Improvement Project. A part of the proceeds of this loan is intended for payments under the contract for Supply and Installation of Transmission and Multiplex Equipment. Bidding will be conducted through the international competitive bidding procedures specified in the World Bank`s Guidelines.

Interested eligible bidders may obtain further information from and inspect the bidding documents at the JSC "Elektrostopanstvo na Makedonija" at the address below from 11.00-14.00 local time (Monday-Friday). A complete set of bidding documents in English may be purchased by interested bidders on the submission of a written application to the address below and upon payment of a nonrefundable fee of EUR 250. The method of payment will be in the form of a cashier`s check in favor of:

Name of Beneficiary: "Elektrostopanstvo na Makedonija"
Number of foreign exchange party: 257300000-10
Name of bank: Stopanska Banka A.D. - Skopje
Postal Address: International Affairs Department
Swift address: Kej "Dimitar Vlahov" br. 4 - Skopje, STOB MK 2X

Address for contact purposes and clarification: "Elektrostopanstvo na Makedonija" Telecommunication department "Boce Bocevski" bb 1000 Skopje, Republika Makedonija; tel. + 389 2 149 081; Fax. + 389 2 163 768.

Bids must be delivered to the address below before 12.00 PM (local time) on March 24, 2003.

Bids will be open in the presence of bidders` representatives who choose to attend at the address below at 12.15 PM (local time) on March 24, 2003.

Address for bid submission: "Elektrostopanstvo na Makedonija" Telecommunication department, ul. "Boce Bocevski" bb, 1000 - Skopje, Republic of Macedonia; phone: + 389 2 149 081; Fax: + 389 2 163 768.

Address for bid opening: JSC "Elektrostopanstvo na Makedonija" ul. "Boce Bocevski" bb, (New building of National Dispatching Center), 100 - Skopje, Republic of Macedonia.

We inform all interested eligible bidders that the pre-bid meeting will be held on February 17, 2003.

---

Врз основа на член 11, 16 и 35 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на РМ" бр. 21/02), и Одлука бр. 02-36/1 од 08.01.2003 година Комисијата за јавни набавки на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија - Скопје, објавува

**ОГРАНИЧЕН ЈАВЕН ПОВИК БР. 1/2003 (ПРЕТКВАЛИФИКАЦИИ) БЕЗ ЈАВНО ОТВОРАЊЕ**

1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

- Набавувач на јавниот повик бр. 1/2003 е Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија, ул. "Орце Николов" бр. 138, Скопје.
- Предмет на јавниот повик број 1/2003 е прибирање техничка документација за претходно утврдување на подобност на понудувачите за прибирање на понуди за утврдување на ценовник и можни носители на набавка за набавка и испорака на следните производи:

1.1. Канцелариски материјали;
1.2. Средства за хигиена;
1.3. Пијалаци.

- Повикот е јавен, отворен и анонимен, со право на учество на сите правни и физички лица регистрирани за ваков вид на дејност со седиште во Република Македонија.
- Отворање на пријавите ќе се изврши без присуство на понудувачите.

2. СОДРЖИНА НА ПОВИКОТ

- Комисијата за јавни набавки на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија има потреба од утврдување на подобност на понудувачите (претквалификација), преку техничка документација, кои би биле повикани да достават понуди за утврдување ценовник за вршење услуги од точка 1.1., 1.2. и точка 1.3. од општите одредби.
- Понудувачите кои се бават со дејноста предмет на јавниот повик, своето учество на јавниот повик да го пријават со документација со која ќе го докажат следното:
- техничко-технолошки бонитет - (член 25 од Законот за јавни набавки);
- економско-финансиски бонитет - оригинал или копие заверена од нотар (член 24 од Законот за јавни набавки);
- потврда од Управата за јавни приходи за платени даноци, придонеси и други јавни давачки - оригинал или копие заверена од нотар;
- расположива опрема и други физички капацитети за реализирање на набавката;
- менаџерска способност;
- искуство и стручен кадар за извршување на набавката;
- потврда од надлежен суд дека не е отворена постапка за стечај или ликвидација - оригинал или копие заверена од нотар;
- уверение дека нема правосилна пресуда со која е изречена мерка на безбедност - забрана на вршење дејност - оригинал или копие заверена од нотар;
- документ за регистрација за вршење на дејност предмет на набавката;
- Изјава за избор на Подрачна единица (или Подрачни единици) од точка 2.1. до точка 2.14. за извршување на работите предмет на ценовникот.

| | |
|---|---|
| 2.1. ПЕ - Скопје, | 2.8. ПЕ - Прилеп, |
| 2.2. ПЕ - Куманово, | 2.9. ПЕ - Велес, |
| 2.3. ПЕ - Тетово, | 2.10. ПЕ - Гевгелија, |
| 2.4. ПЕ - Кичево, | 2.11. ПЕ - Струмица, |
| 2.5. ПЕ - Струга, | 2.12. ПЕ - Штип, |
| 2.6. ПЕ - Охрид, | 2.13. ПЕ - Кочани, |
| 2.7. ПЕ - Битола, | 2.14. ПЕ - Кавадарци. |

3. ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

- Понудувачите кон пријавата треба да ги приложат документите и податоците од точка 2 на овој повик.

- Документацијата и другите податоци се доставуваат во затворен коверт, кој во горниот лев агол треба да ја носи ознаката (не отворај), како и бројот на јавниот повик. Истиот не треба да содржи никаква ознака со која би можел да се идентификува понудувачот.

- Документацијата се доставува до набавувачот Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија - Дирекција, адреса ул. "Орце Николов" бр. 138, со назнака за Комисијата за јавни набавки, препорачано по пошта или со предавање во архивата на набавувачот.

- Ограничениот повик трае 10 (десет) дена од денот на објавување во "Службен весник на Република Македонија" и во едно друго гласило.

- Увид во тендерската документација е можен секој работен ден во просториите на ЈП ССДП на Република Македонија - Дирекција на ул. "Орце Николов" бр. 138, барака 8, собра бр. 809, телефон 109-791.

4. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Документацијата што нема да биде доставена во утврдениот рок и онаа која нема да биде изработена според барањата содржани во повикот нема да се разгледуваат.

Комисија за јавни набавки

---

## ПОСЕБНА ОБЈАВА ЗА НАБАВКИ ПОКАНА ЗА ПРЕТКВАЛИФИКАЦИЈА

Република Македонија
Фонд за магистрални и регионални патишта,
Воведување на нови технологии за одржување на коловозите
Краток опис на работите

1) Изведба на околу 100 км пресвлеки со Slurry Seal, Микро пресвлеки,
Површински обработки
2) Изведба на околу 60 км пресвлеки со Slurry Seal, Микро пресвлеки, Површински обработки, со претходни припремни работи

Оваа покана за претквалификација следи по Општата
објава за набавки за овој проект, публикувана во Development Business Br. 487 од 31.05.1998, иновирана во Development Business Бр. 534 од 16.05.2000 год.

Фондот за магистрални и регионални патишта на Република Македонија поднесе барање за заем од Меѓународната Банка за Обнова и Развој за финансирање на Транспортниот Проект: Воведување на нови технологии за одржување на коловозите, и има намера дел од средствата на заемот да ги искористи за финансирање на Пилот програмата која е во врска со овој проект. Оваа пилот програма се состои од имплементација на два проекта P1 и P2 што опфаќаат изработка, проучување и набавка на потребните компоненти и конечно пресвлекување на околу 100 км и 60 км соодветно, на патиштата со три различни технологии (Површински обработки, Микро пресвлеки, Slurry seal) со цел да се процени можноста за воведување на овие нови технологии за одржување на патиштата. Делот со должина на патишта од околу 60 км. ќе бара поголеми припремни работи. Фондот за магистрални и регионални патишта на Република Македонија има намера да претквалификува изведувачи и/или фирми за двата погоре наведени проекти P1 и P2 кои ќе бидат поделени на повеќе делници во Република Македонија, секоја со должина од 2 до 10 км. Се очекува Повикот за понуди да биде објавен во март 2003.

Претквалификацијата ќе се води согласно процедурите за претквалификација наведени во Упатството на Светската банка: Набавки согласно ИБРД Заеми и ИДА Кредити, јануари 1995 (ревидирано во јануари и август 1996 и септември 1997), и е отворена за сите понудувачи од подобните земји, како што е дефинирано во Упатството.

Заинтересираните подобни понудувачи можат да добијат понатамошни информации во Фондот за магистрални и регионални патишта (на подолу наведената адреса) од понеделник до петок, од 8:00 до 13:00 (Средно европско време). Комплетниот сет на документите за претквалификација на англиски јазик (за странски компании и компании со заеднички настап - JV), односно на англиски и македонски јазик (за локални компании) може да го добие секој заинтересиран понудувач почнувајќи од 16ти јануари 2003, после доставување на писмено барање на подолу наведената адреса и после уплата на неповратни средства во износ од 100 (сто) евра или еквивалент во МКД.

Уплатата треба да се изврши претходно, директно на Фондот за магистрални и регионални патишта.

За девизно плаќање

| | |
|---|---|
| Име и адреса на Банката | Балканска Банка АД Скопје, Максим Горки 6, 1000 Скопје |
| Сопственик на банковната сметка | Фонд за магистрални и регионални патишта |
| Број на банковната сметка | 25730-3167 |

За денарско плаќање

| | |
|---|---|
| Име и адреса на Банката | Балканска Банка АД Скопје, Максим Горки 6, 1000 Скопје |
| Сопственик на банковната сметка | Фонд за магистрални и регионални патишта |
| Број на банковната сметка<br>Единствен даночен број | 240010000048092<br>4030981217633 |

Документите можат да бидат подигнати во Фондот за патишта или ќе бидат испратени по DHL на барање на понудувачот.

Апликациите за претквалификација треба да бидат доставени во запечатени коверти на подолу наведената адреса до или пред 12:00 (по локално време) во понеделник, 27 февруари 2003 и да бидат точно означени на следниот начин:

Пријава за претквалификација за:

„Воведување на нови технологии за одржување на коловозите"

Фонд за магистрални и регионални патишта, за г-дин Насте Спасовски, Даме Груев 14, 4ти кат, соба 9 (архива), 1000, Скопје, Република Македонија, тел: 389 2 118 044, факс: 389 2 220 535

---

Врз основа на член 16 и 35 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на РМ" бр. 21/02), Комисијата за јавни набавки при Општина Велес, објавува

## ОГРАНИЧЕН ЈАВЕН ПОВИК БР. 01/03 ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ПРЕТХОДНО УТВРДУВАЊЕ НА ПОДОБНОСТ НА ПОНУДУВАЧИТЕ (ПРЕТКВАЛИФИКАЦИЈА БЕЗ ЈАВНО ОТВОРАЊЕ)

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Набавувач на јавниот повик е Општина Велес, ул. "Панко Брашнар" бр. 1.

2. Предмет на Ограничениот јавен повик бр. 1/03 е прибирање на документација за претходно утврдување на подобноста на понудувачите како можни носители на изведба на следните видови работи на подрачјето на Општина Велес за 2003:

а) Изградба, реконструкција и санација на јавни и сообраќајни површини: сообраќајници, тротоари, јавни паркиралишта, спортски и детски игралишта, пешачки патеки и други јавни површини (со завршен асфалтен слој асфалт, бетон и други материјали);

б) Проектирање и изградба на улици, тротоари, пешачки патеки, јавни паркиралишта и други јавни површини со завршен слој од претфабрикувани бетонски елементи;
в) Проектирање, изградба и реконструкција на објекти од високоградбата;
г) Проектирање и изведба на ентериери (сала за состаноци, канцеларии;
д) Проектирање и изведба на мостовски конструкции;
ѓ) Проектирање и изведба на регулација на водотеци (кејови);
е) Проектирање и изведба на инфраструктурни системи: водоводна, хидрантска, канализациона (атмосферска и фекална) и топлификациона, примарна и секундарна мрежа;
ж) Проектирање, изградба и реконструкција на јавното осветлување и проектирање, реконструкција и изместување на Н.Н - електрична мрежа;
з) Проектирање, изградба и реконструкција на јавни зелени површини;
ѕ) Одржување на јавното осветлување;
и) Набавка на материјали за одржување на јавното осветлување;
ј) Проектирање, изведба и одржување на семафоризација;
к) Набавка на знаци за вертикална сигнализација и обележување за хоризонтална сигнализација;
л) Изработка на спортски реквизити (кошеви, стативи), реквизити за детски и забавни паркови, скејт паркови, урбана опрема (клупи, корпи за отпадоци, заштитни огради) и нивно одржување;
љ) Изработка на урбанистички проекти и урбанистички планови и нивна ревизија за подрачјето на Општина Велес;
м) Набавка на потрошен канцелариски материјал;
н) Одржување на јавни површини: сообраќајници, пешачки патеки и тротоари - во зимски услови (чистење на снег, набавка, чување и посипување на сол);
њ) Изведба на тополоводен систем за греење со лесно гориво.
3. Повикот е јавен, отворен и анонимен и право на учество имаат правни и физички лица кои вршат соодветна стопанска дејност.
4. Постапката на повикот се спроведува согласно член 31 од Законот за јавни набавки.

II. СОДРЖИНА НА ПОНУДИТЕ
1. Комисијата за јавни набавки на Општина Велес има потреба од претходно утврдување на подобност на понудувачите (претквалификација), преку документација врз основа на која ќе се оцени способноста на понудувачите за извршување на предмет на набавката по позициите а, б, в, г, д, ѓ, е, ж, з, ѕ, и, ј, к, л, љ, м, н и њ.
2. Од утврдените подобни понудувачи ќе се побараат дополнителни понуди за извршување на работите предвидени со Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2003 година и согласно Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистичка документација за населени места за 2003 година, според динамиката утврдена од набавувачот Општина Велес.
3. Понудувачите кои вршат соодветна стопанска дејност односно извршуваат градежни работи своето учество во јавниот повик можат да го пријават врз оценка дали ги исполнуваат условите утврдени со член 38 од Законот за јавни набавки.

III. ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА
1. Понудувачите со пријавата на понудата ги доставуваат следните документи:
- документ за техничко-технолошки бонитет: расположива опрема и други физички квалитети потребни за реализација на набавката, досегашно искуство (референтна листа) и стручен кадар (квалификација и боја за извршување на набавката);
- документ за економско-финансиски бонитет;
- документ дека нема правосилна пресуда со која е изречена мерка за безбедност - забрана за вршење на дејноста;
- документ за регистрација на претпријатието за вршење на дејноста;
- документ дека не е во стечај и ликвидација;
- документ за издадено овластување за изработување на урбанистички планови од Министерството за транспорт и врски (лиценца);
- документ за издадено овластување за вршење на ревизија на урбанистички планови;
- потврда од Управата за јавни приходи за платени даноци, придонеси и други јавни давачки.
1.1. Документот за техничко-технолошкиот бонитет треба да се однесува за видот на работата (позиција а, б, в, г, д, ѓ, е, ж, з, ѕ, и, ј, к, л, љ, м, н и њ) од предметот на набавката за која понудувачите даваат своја понуда.
1.2. Документот за издадено овластување за изработување на урбанистички планови, се однесува на точка "љ".
1.3. Понудувачите може да дадат понуда за една или повеќе позиции од предметот на набавката.

IV. ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ
1. Документацијата и другите податоци се доставуваат во затворен плик, кој во горниот лев агол треба да носи ознака (не отворај), бројот на јавниот повик и позицијата на која се дава понуда, истиот не треба да содржи никаква ознака со која би можело да се идентификува понудувачот.
2. Рок за прием на документацијата изнесува 21 ден од денот на објавувањето во средствата за информирање и во "Службен весник на РМ".
3. Документацијата се доставува до набавувачот: Општина Велес, ул. "Панко Брашнар" бр. 1, Велес.

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
1. Документацијата што нема да биде доставена во утврдениот рок и која нема да биде изработена според барањата содржани во повикот како и несоодветно комплетирана, нема да се разгледува.
2. Дополнителни појаснувања можете да добиете на тел.: 043 232 966; 232 406 - Општина Велес.

Комисија за јавни набавки

---

Врз основа на член 16 и 17 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на РМ" бр. 21/02), Комисијата за јавни набавки на ГП "БЕТОН" а.д. Кочани, објавува

**ОТВОРЕН ПОВИК БР. 01/03**

А. Општи одредби
1. Набавувач на јавниот отворен повик е ГП "БЕТОН" Кочани, ул. "29 Ноември" бб за потребите на Фабриката за преработка на вода Кочани.
2. Повикот е јавен, отворен и анонимен со право на учество на сите домашни и странски правни лица.
Б. Предмет на набавката
1. Предмет на отворениот повик е набавка и испорака на филтерски песоци според дадените карактеристики: во техничка документација.
2. Техничката документација може да се подигне во архивата на ГП "БЕТОН" Кочани на ул. "29 Ноември" бб, секој работен ден од 10-14 часот.
В. Содржина на понудата
1. Понудата треба да го содржи името, адресата и седиштето на понудувачот.
2. Земја на потекло на филтерскиот песок.
3. Овластено претпријатие кое за сметка на добавувачот ќе ја врши квалитативната и квантитативната анализа на песокот при утовар и растовар во магазин на Фабриката за преработка на вода Кочани, Република Македонија.

4. Цена изразена во денари со пресметан ДДВ, паритет франко магазин на Фабриката за преработка на вода Кочани.

5. Цертификат за квалитет на филтерски песок согласно дадените карактеристики во тендерската документација.

6. Рок за извршување на набавката да биде најкасно до 30.04.2003 година.

7. Банкарска гаранција или уплатница за депонирани 150.000,00 денари, кои ќе бидат наплатени доколку понудувачот е повикан да склучи договор по извршен избор на најповолен понудувач, а тој одбие да го стори тоа.

Г. Придружна документација

1. Извод од регистрација за вршење на дејноста.

2. Потврда од надлежен суд дека не е отворена постапка за стечај или ликвидација.

3. Потврда дека нема правосилна пресуда со која е изречена мерка на безбедност - забрана на вршење на нивната дејност.

4. Документ за бонитет согласно член 24 од Законот за јавни набавки.

5. Референтна листа за извршени набавки.

Целокупната документација треба да биде оригинал или заверена кај нотар и не постара од 6 (шест) месеци.

Д. Избор на најповолен понудувач

1. Изборот за најповолен понудувач ќе се врши по следните критериуми:

| | |
|---|---|
| - висина на цената | 60 бода, |
| - квалитет на производот | 30 бода, |
| - рок на испорака | 10 бода. |

Е. Рок на доставување на понудите

Понудите за отворениот повик да се доставаат согласно член 55 и 56 од Законот за јавни набавки, на адреса: ГП "БЕТОН" ул. "29 Ноември" бб, Кочани со назнака Отворен повик бр. 01/03.

Понудата и придружната документација се доставаат во затворен коверт на кој во горниот лев агол стои ознака "не отворај" и број на овој отворен повик.

Понудите кои не ги содржат бараните податоци се сметаат за нецелосни и некомплетни и нема да земаат предвид за разгледување.

Крајниот рок за доставување е 20 (дваесет) дена од денот на објавувањето на повикот во јавните гласила и "Службен весник на Република Македонија".

Понудите кои ќе бидат доставени по истекот на дадениот рок нема да бидат разгледувани.

Отворањето на понудите ќе се врши на ден 17.02.2003 година во 13 часот во просториите на ГП "БЕТОН", Кочани.

Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

Комисија за јавни набавки

---

## ОТВОРЕН ПОВИК БР. 2/2002 ЗА ПРИБИРАЊЕ ПОНУДИ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНИ РАБОТИ

1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

1.1. Набавувач

Општина Центар-Скопје, ул. "Михаил Цоков" бб.

1.2. Предмет на набавка:

Поплочување на ул. "Македонија" со гранитни плочи тип: "Мариово", "Сантјаго Росо", "Импала" и гранитни коцки.

Дебелината на гранитните плочи е d=6 см. поставени на претходно припремена подлога на подтлото.

2. ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Обемот на работите е даден во тендерската документација која заинтересираните понудувачи можат да ја подигнат во Општина Центар, на адреса: ул. "Михаил Цоков" бб, Скопје, со уплата на износ од 500,00 денари неповратни средства во готово што се уплаќа на жиро сметка 300-0000011105-89 депонент на Комерцијална банка, даночен број 4030998345040.

3. СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА

3.1. Понудата треба да ги содржи: името, адресата и седиштето на понудувачот.

3.2. Понудата треба исто така да содржи докази за економската и финансиската состојба како и техничката способност на понудувачот согласно член 23 од Законот за јавни набавки.

3.3. Понудувачите кон понудата задолжително да ја достават следната придружна документација:

- извод од судската регистрација на дејноста;
- документ за бонитет, издаден од Централниот регистар;
- потврда од Управата за јавни приходи за платени даноци, придонеси и други јавни давачки;
- доказ дека понудувачот не е под стечај или во процес на ликвидација и дека не му е изречена мерка на безбедност-забрана за вршење на дејност, издаден од страна на судот, согласно член 24 од Законот за јавни набавки;
- рефернцна листа на досега извршени работи, од предметот на набавката со приложени примероци на наведените типови на гранитни плочи "Мариово", Сантијаго Росо" и "Импала" со приложени атести за материјалите;
- понудувачот да достави доказ за техничка способност, согласно член 23 од Законот за јавни набавки, со приложени договори за деловно техничка соработка со субјекти со кои би соработувале на овој проект;
- со понудата понудувачот треба да достави валидна банкарска гаранција на износ од најмалку 5% од висината на понудата /со вкалкулиран ДДВ/.

Наведените документи потребно е да бидат доставени во оригинален примерок или копие заверено од нотар и да не бидат постари од 6 месеци.

4. Понудата треба да содржи единечна цена, која треба да биде конечна, со пресметан данок на додадена вредност.

5. КРИТЕРИУМ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ПОНУДУВАЧ

| | |
|---|---|
| 5.1. Цена | 35 поени; |
| 5.2. Рок за изведување на работите | 15 поени; |
| 5.3. Техничка и кадровска опременост | 20 поени; |
| 5.4. Начин на плаќање | 20 поени; |
| 5.5. Рефернцна листа | 10 поени. |

6. РОК И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

6.1. Понудите се доставуваат во еден оригинален примерок заверен и потпишан од одговорно лице на понудувачот.

6.2. Понудите се доставуваат во затворен коверт на кој во горниот лев агол треба да стои ознаката "не отворај" и бројот на повикот.

6.3. Понудите можат да се доставуваат по пошта или лично на адреса на набавувачот: Општина Центар-Скопје, ул. "Михаил Цоков" бб, Скопје.

6.4. Рок на доставување на понудите е 21 ден, од денот на објавувањето на Отворениот повик.

6.5. Понудите кои нема да стигнат во предвидениот рок и кои не ги содржат бараните податоци нема да се разгледуваат.

6.6. Јавното отворање на понудите во присуство на овластени лица ќе се изврши на 27.01.2003 година во просториите на Општина Центар-Скопје, на адреса наведена во точка 6.3. во 12,00 часот. Отворање и проверка на понудите ќе врши Комисијата за јавни набавки на Општината Центар - Скопје.

7. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

7.1. Претставниците на понудувачите треба на Комисијата за јавни набавки да и предадат писмено овластување од понудувачот за нивно учество на јавното отворање.

7.2. Дополнителни информации понудувачите можат да добијат во просториите на Општина Центар-Скопје, секој работен ден од 09,00 до 14,30 часот или на телефон 223-343 и 237-713.

Комисија за јавни набавки

---

Врз основа на член 141 став 3 од Законот за вршење на нотарските работи ("Службен весник на РМ" бр. 56/96 и 25/98), Министерството за правда, распишува

## О Г Л А С
## ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ КАНДИДАТИ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА НОТАРСКИ ИСПИТ

Секој заинтересиран кандидат треба да ги исполнува следните услови:

- да е дипломиран правник и
- да има работно искуство исклучиво на правни работи најмалку пет години.

Кандидатот е потребно да ги достави следните документи до архивата на Министерството за правда, ул. "Димитрије Чупоски" бр. 9, Скопје:

- диплома за завршен Правен факултет,
- потврда со која ќе докаже дека има работно искуство на правни работи најмалку пет години и тоа со опис и попис според Правилникот за систематизација на работните места,
- уверение ако има положено правосуден испит и
- молба со задолжителна административна такса од 50 денари и во која читко ќе бидат наведени личните генералии, точната адреса, број на телефон, домашен и од работното место, број на лична карта и единствен матичен број,
- уплатница за исплатен износ.

Секој кандидат треба да достави уплатница во износ од 6.500,00 денари, уплатени на жиро сметка на Министерството за правда, број 070 010 014063 112 со назнака за полагање на нотарски испит, со карактеристичен број 72 30 13, програма 11, на име на средства на Министерството за правда-Скопје со бројот на трезорската сметка на Народна банка на Република Македонија- 1 000 000 000 63 095.

Потребните документи ( во оригинал или оригинално заверено кај нотар фотокопие) се поднесуваат во архивата на Министерство за правда најдоцна 10 дена пред денот на полагање на испитот.

Нотарскиот испит (писмен дел кој е елиминаторен) се закажува за:

18 февруари 2003 година.....................во 14 часот,
22 април 2003 година............................во 14 часот,
20 мај 2003 година ...............................во 14 часот.

Терминот за устен дел се закажува дополнително.

Испитот се одржува во просториите на Врховниот суд на Република Македонија- Скопје.

Министерството за правда, за денот на полагањето на поправниот испит, дополнително ќе ги извести кандидатите кои не покажале задоволителен резултат по еден предмет, односно биле вратени на поправен испит.

Кандидатите треба да се пријават за полагање на поправниот испит во рок од 30 дена и по истекот на овој рок се закажува и датумот на полагањето на поправниот испит и притоа треба да приложат уплатница на износ од 3.250,00 денари, уплатени на жиро сметка на Министерството за правда 070 010 014 063 112, со назнака за полагање на поправен нотарски испит, со карактеристичен број 72 30 13, програма 11, на име на средства на Министерството за правда-Скопје и трезорска сметка на Народна банка на Република Македонија 1 000 000 000 63 095.

Министерство за правда

## О Б Ј А В А

Врз основа на член 40 и 44 од Законот за данокот на добивка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 80/93, 33/95, 43/95, 71/96, 5/97, 28/98, 11/2001, 2/2002 и 44/2002), Државниот завод за статистика го утврдува и објавува

## ДВИЖЕЊЕТО НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА МЕСЕЦ ДЕКЕМВРИ 2002 ГОДИНА

Движењето на цените на мало во Република Македонија во периодот јануари-декември 2002 година во однос на просечните цени на мало во 2001 година изнесува 1,4%.

Директор,
**Благица Новковска**, с.р.

---

## С О Д Р Ж И Н А


| | | Страница |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за изменување на Одлуката за намалување на цената на становите во општествена сопственост............................................ | 1 |
| 2. | Одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2002 година............ | 1 |
| 3. | Одлука за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно методологијата........................................... | 1 |
| 4. | Решение за давање согласност на Одлуката за именување директор на ЈНУ Земјоделски институт - Скопје............................................. | 2 |
| 5. | Решение за именување на јавен правобранител на Република Македонија........................ | 2 |
| 6. | Решение за разрешување од должноста вршител на должноста директор на Заводот за заштита на спомениците на културата на град Скопје - Скопје........................................ | 2 |
| 7. | Решение за разрешување од должноста вршител на должноста директор на Музејот на Македонија - Археолошки, Историски и Етнолошки - Скопје............................................ | 3 |
| 8. | Решение за разрешување од должноста вршител на должноста директор на Македонската филхармонија - Скопје.......................... | 3 |
| 9. | Решение за разрешување од должноста вршител на должноста директор на Младинскиот културен центар - Скопје..................... | 3 |
| 10. | Решение за разрешување од должноста вршител на должноста директор на Матичната и Универзитетската библиотека "Климент Охридски" - Битола........................................ | 3 |
| 11. | Решение за разрешување од должноста вршител на должноста директор на Драмскиот театар - Скопје................................................. | 3 |
| 12. | Решение за разрешување од должноста вршител на должноста директор на Народниот театар "Војдан Чернодрински" - Прилеп....... | 3 |
| 13. | Решение за разрешување од должноста вршител на должноста директор на Народниот театар "Антон Панов" - Струмица.................. | 3 |
| 14. | Решение за разрешување од должноста вршител на должноста директор на Домот на културата "Ацо Шопов" - Штип.................... | 4 |
| 15. | Решение за разрешување од должноста вршител на должноста директор на Народниот театар - Штип................................................... | 4 |
| 16. | Решение за разрешување од должноста вршител на должноста директор на Домот на културата "Григор Прличев" - Охрид........... | 4 |
| 17. | Решение за разрешување од должноста вршител на должноста директор на Домот на културата "Драги Тозија" - Ресен.................. | 4 |
| 18. | Решение за разрешување од должноста вршител на должноста директор на Градската библиотека "Григор Прличев" - Охрид.......... | 4 |

19. Решение за разрешување од должноста вршител на должноста директор на Библиотеката "Тане Георгиевски" - Куманово............ 4
20. Решение за разрешување од должноста вршител на должноста директор на Природонаучниот музеј на Македонија - Скопје......... 4
21. Решение за разрешување од должноста вршител на должноста директор на Народната библиотека "Гоце Делчев" - Штип................ 5
22. Решение за разрешување од должноста вршител на должноста директор на Општинската матична библиотека "Благој Јанков-Мучето" - Струмица........................................ 5
23. Решение за разрешување од должноста вршител на должноста директор на Народната библиотека "Гоце Делчев" - Велес.................. 5
24. Решение за разрешување од должноста вршител на должноста директор на Народниот музеј - Велес...................................................... 5
25. Решение за разрешување од должноста вршител на должноста директор на Народниот музеј - Гевгелија.............................................. 5
26. Решение за разрешување од должноста вршител на должноста директор на Народниот музеј - Свети Николе....................................... 5
27. Решение за разрешување од должноста вршител на должноста директор на Зоолошката градина - Скопје.......................................... 5
28. Решение за именување вршител на должноста директор на Музејот на Македонија-Археолошки, Историски и Етнолошки - Скопје 6
29. Решение за именување вршител на должноста директор на Домот на културата "Драги Тозија" - Ресен................................................. 6
30. Решение за именување вршител на должноста директор на Домот на културата "Ацо Шопов" - Штип................................................ 6
31. Решение за именување вршител на должноста директор на Младинскиот културен центар - Скопје...................................................... 6
32. Решение за именување вршител на должноста директор на Македонската филхармонија - Скопје......................................................... 6
33. Решение за именување вршител на должноста директор на Народниот театар "Војдан Чернодрински" - Прилеп................................ 6
34. Решение за именување вршител на должноста директор на Домот на културата "Григор Прличев" - Охрид...................................... 6
35. Решение за именување вршител на должноста директор на Народниот театар "Антон Панов" - Струмица.......................................... 7
36. Решение за именување вршител на должноста директор на Народниот театар Штип...... 7
37. Решение за именување вршител на должноста директор на Драмскиот театар - Скопје... 7
38. Решение за именување вршител на должноста директор на Матичната и Универзитетска библиотека "Климент Охридски" - Битола...... 7
39. Решение за именување вршител на должноста директор на Библиотеката "Тане Георгиевски" - Куманово........................................... 7
40. Решение за именување вршител на должноста директор на Градската библиотека "Григор Прличев" - Охрид...................................... 7
41. Решение за именување вршител на должноста директор на Општинската матична библиотека "Благој Јанков-Мучето" - Струмица 8
42. Решение за именување вршител на должноста директор на Заводот за заштита на спомениците на културата на град Скопје - Скопје............ 8
43. Решение за именување вршител на должноста директор на Народната библиотека "Гоце Делчев" - Штип.......................................... 8
44. Решение за именување вршител на должноста директор на Народниот музеј - Гевгелија 8
45. Решение за именување вршител на должноста директор на Народниот музеј - Велес...... 8
46. Решение за именување вршител на должноста директор на Народната библиотека "Гоце Делчев" - Велес........................................... 8
47. Решение за именување вршител на должноста директор на Народниот музеј - Свети Николе.. 8
48. Решение за именување вршител на должноста директор на Природонаучниот музеј на Македонија - Скопје........................................ 9
49. Решение за именување вршител на должноста директор на Зоолошката градина - Скопје 9
50. Решение за разрешување и именување претседател, членови и нивни заменици на Посебната комисија за утврдување условот-владеење со македонскиот јазик за стекнување на државјанство на Република Македонија..... 9
51. Решение за разрешување и именување членови на Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување - Скопје............................ 9
52. Решение за разрешување од должноста директор на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија - Скопје.................................. 10
53. Решение за именување директор на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија - Скопје.. 10
54. Решение за разрешување и именување претставници на државниот капитал на Република Македонија во Собранието на акционерите на Македонската банка за поддршка на развојот А.Д. - Скопје..................................... 10
55. Решение за именување членови на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија - Скопје од редот на вработените................ 10
56. Решение за именување директор на Управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во Република Македонија........................................ 10
57. Решение за именување директор на Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците... 11
58. Решение за разрешување од должноста заменик на директорот на ЈП за просторни и урбанистички планови - Скопје...................... 11
59. Решение за именување заменик на директорот на ЈП за просторни и урбанистички планови - Скопје..................................................... 11
60. Решение за разрешување од должноста заменик на директорот на Фондот за земјоделство - Скопје................................................ 11
61. Решение за именување заменик на директорот на Фондот за земјоделство - Скопје.......... 11
62. Одлука за именување на привремен управник во Експорт-Импорт Банка АД Скопје..... 11
63. Одлука на Уставниот суд на Република Македонија, У. бр. 71/2002 од 25 декември 2002 година..... 12

**Акти на фондовите и заводите**

1. Одлука за основиците на осигурување за пресметување и плаќање на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување на индивидуалните земјоделци за периодот октомври-декември 2002 година.................... 12

**Исправка** на Одлуката за распоредување на стоките на форми на извоз и увоз................... 13

**Објава** за движењето на цените на мало во Република Македонија за месец декември 2002 година ...................................................... 31



**Издавач:** ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ

**СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**, ц.о.- Скопје, бул. "Партизански одреди" бр. 29.

**Директор и одговорен уредник - Крум Коцарев.**

**Телефони 298-860, 298-769. Телефакс 112-267. Пошт. фах 51.**

**Жиро-сметка 300000000188798. Бр. за ДДВ МК - 4030987108771. Депонент - Комерцијална банка, АД - Скопје.**

**Печат: НИП "Нова Македонија" - АД - Скопје.**